**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1403 – 505/6**
**Скопје, 27.11. 2008 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА БИТОЛА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на Општина Битола за 2007 година, кои се прикажани на страните од 11 до 13.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Органот на општина Битола за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:
   - Владимир Талески, градоначалник на општина Битола во 2007 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 10 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 07.07. до 25.07.2008 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни корекции на финансиските извештаи прифатени и спроведени од страна на субјектот.

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

*Овластен државен ревизор*
____________________

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 22.10.2008 година примени се забелешки по Предходен извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2007 година на општина Битола за средствата на сметката на Органот, под број 08-3080/2 од 21.10.2008 година, од законскиот застапник – Градоначалникот на општина Битола. Истите се разгледани при што е одлучено следното:

- забелешките кои се однесуваат на наодите од точка **10.2.2. и 10.2.3. не се прифаќаат** и наодите остануваат во Конечниот извештај од причина што истите имаат карактер на известување за преземени мерки и активности по дадените препораки од ревизијата, за отстранување на утврдените неправилности. По овие наоди во Конечниот извештај не се даваат препораки од причина што субјектот по истите постапил во фаза на Предходен извештај.
- забелешките на наодите од точка **10.3.1., 10.4.1., 10.4.2., 10.5.1. алинеја 1,2,3,4,5,6,8,9 и 10 и 10.5.4. не се прифаќаат** и наодите остануваат во Конечниот извештај од причина што ревизијата не доби релевантни и достатни ревизорски докази како основ за нивно прифаќање.
- забелешката на наодот од точка **10.5.1. алинеја 7 се прифаќа** од причина што во фаза на забелешки по Предходен извештај на ревизијата и се доставени дополнителни докази кои за време на ревизијата не и беа презентирани а имаат влијание на ревизорското мислење.
- забелешките на точка **10.5.2. делумно се прифаќаат** од причина што на ревизијата и се доставени дополнителни документи кои за време на ревизијата не и беа дадени на увид во функција на спроведени постапки за јавни набаваки.

11**.** Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**11.1. Систем на интерни контроли во процесите**

11.1.1. Процес на плаќања
При оценка на системот на интерните контроли кај процесот на безготовинско и готовинско плаќање, ревизијата констатира дека постојат пишани процедури за движење на документацијата со дефинирани и разграничени надлежности и одговорности во однос на потврдување на комплетноста и веродостојноста на трансакциите.
Воспоставен е систем на контроли кој обезбедува плаќањата да се вршат врз основа на комплетна, ликвидирана и навремено евидентирана документација, потврдена од одговорни лица, меѓутоа, кај дел од трансакциите недостасува потврда за извршената контрола.
Плаќањата врз основа на документација која не е комплетна и веродостојна го зголемува ризикот од ненаменско и незаконско користење на буџетските средства на Општината.

**Препорака**:
Раководителот на Секторот за финансии и буџет и администрирање на приходи да обезбеди спроведување контролни постапки согласно пропишаните процедури за целокупната документација врз основа на која се врши плаќање.

11.1.2. Процес на плати

При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на исплата на плати на вработените во административните органи на општина Битола, ревизијата констатира дека се воспоставени интерни контроли кои обезбедуваат точна пресметка, исплата и евиденција на платите и надоместоците. Истовремено, ревизијата го утврди следното:

- постои поделба на надлежностите и овластувањата на лицата кои ја изготвуваат, контролираат и одобруваат документацијата,
- се изготвуваат дневни евиденциони листи за присутност на работа, и
- пресметката за исплата на плата е верифицирана од овластени лица.

**11.2. Неправилна примена на акти**

11.2.1. На девет вработени лица во Општинскиот одбор на месни заедници-Битола од кои дел вршат работни задачи во општината, за плата, храна и превоз во текот на 2007 година се исплатени средства во износ од 2,517 илјади денари. Општинскиот одбор на месни заедници-Битола функционира со сопствена сметка во Стопанска банка АД Битола, што не е во согласност со Законот за локална самоуправа. Со одредбите на овој закон функционирањето на месните заедници, односно нивните органи е укинато во 2005 година.
Нерешениот статус на вработените влијае на квалитетот во извршувањето на работата.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општината да донесе акт со кој ќе го разреши статусот на Општинскиот одбор на месни заедници-Битола, а со тоа и на вработените во него, во согласност со Законот за локална самоуправа.

11.2.2. Во текот на 2007 година Општина Битола има исплатено средства во износ од 1,306 илјади денари за помош на социјално загрозени лица.
Исплатата на средствата не се темели на акт со утврдени критериуми во однос на видот на помошта (во кои случаи и за какви намени се доделуваат средствата), висината на доделената помош и обезбедено стручно мислење за реалноста на барањето, што не е во согласност со одредбите на Законот за локална самоуправа и Законот за социјална заштита.
Општината Битола за 2007 година нема донесено развојни програми од областа на социјалната заштита. Отсуството на програми, како и акт со утврдени критериуми за користење и доделување средства за социјална заштита, создава можност за субјективност во одлучувањето за доделување средства, нетранспарентност, незаконско и ненаменско користење на средствата.
Во периодот на забелешки по Предходен извештај советот на општина Битола има донесено Одлука за определување на критериуми за одредување на финансиска помош од Буџетот на општина Битола.

**Препорака:**
Советот на општина Битола да донесе развојни програми од областа на социјалната заштита.

11.2.3. На здруженија на граѓани, спортски клубови, невладини организации и други установи од Буџетот на Општина Битола во 2007 година се исплатени 2,049 илјади денари за реализација на програмски активности, организирање спортски и други манифестации, радио проекти и др. Одобрувањето на средствата се врши по претходно распишан оглас и доставени поединечни барања, но без утврдени услови и критериуми за доделување на овие средства. Не се бара Годишна програма на барателите, како и повратно известување дека манифестацијата за која се доделени средства е спроведена, што не е во согласност со одредбите од Законот за здруженијата на граѓани и фондации.
Непостоење на акт со утврдени критериуми за доделување средства создава можност за субјективност во одлучувањето, нетранспарентност, незаконско и ненаменско користење на средствата.

Во периодот на забелешки по Предходен извештај советот на општина Битола има донесено Одлука за определување на критериуми за одредување на финансиска помош од Буџетот на општина Битола.

11.2.4. За посебно ангажирање и квалитет во извршување на работата и зголемен обем на работа на сите вработени во Општина Битола во 2007 година се исплатени награди во износ од 1,446 илјади денари. Поединечната вредност на наградите е во висина на исплатената плата на секој вработен поодделно. Наградите се темелат на одредбите од Законот за државни службеници, а се исплатени врз основа на одлука на Претседателот на Советот и Комисијата за финансии и Буџет и на предлог од непосредно претпоставениот државен службеник.
За паричната награда, согласно Законот за државни службеници одлучува Градоначалникот, на предлог од непосредно претпоставениот државен службеник, односно исплатата е извршена врз основа на акт донесен од лице кое нема такво овластување.
Општината нема утврдено критериуми за доделување на парични награди на вработените, што создава можност за субјективност во одлучувањето и влијае на квалитетот во извршувањето на работата.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општината, наградувањето на државните службеници да го врши согласно Упатството за поблиски критериуми за доделување парична награда на државните службеници, а за останатите вработени да донесе акт со утврдени критериуми за наградување и за висината на наградата.

### 11.3. Неправилности во искажувањето на расходите

11.3.1. Во текот 2007 година на членовите на советот, спротивно на законската регулатива се исплатени повеќе надоместоци во износ од 2,446 илјади денари (2,153 илјади денари за надоместоци и 293 илјади денари за персонален данок).

Извршените исплати се однесуваат на:

- надоместоци за присуство на седници на комисии на советот и присуство при склучување на бракови, што не е во согласност со одредбите на Законот за локална самоуправа,
- месечен надомест на Претседателот на советот за извршување на работните задачи, и
- награда на членовите на Советот на крајот од годината поради посебно ангажирање и квалитет во извршување на работата и зголемен обем на работа во износ исплатен во претходниот месец.

Резултат на исплатата на надоместоци без законски основ и во висина поголема од законски дозволената е незаконско трошење на средствата од Буџетот на Општината и нереално зголемени расходи.

На крајот на 2007 година, Општина Битола изврши усогласување на Одлуката за висината на надоместоците на членовите и претседателот на советот на Општина Битола со Законот за плати и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката чии измени се донесени во октомври 2007 година.

**Препорака:**
- За незаконски исплатените парични средства Градоначалникот да преземе мерки за враќање на истите;
- исплатата на надомесокот на советниците за присуство при склучување на бракови, Советот на општина Битола да ја усогласи со законската регулатива во Република Македонија.

11.3.2. Ревизијата не се увери во реалноста и објективноста на расходите за одржување на уличното осветлување, за што во текот на 2007 година се платени 3,966 илјади денари. Контролата на трошоците за одржување на улично осветлување се врши во смисол на утврдување дали е постапено по налог на општината за интервенирање (замена на светилки), меѓутоа, контрола на трошокот искажан во фактурите не се врши и истите не се поткрепени со работни налози.

**Препорака:** Лицето задолжено за контрола на фактурите за одржување на уличното осветлување, контролата да ја врши врз основа на спецификации на употребените материјали по места и количини.

**11.4. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба**

11.4.1. Вредноста на Материјалните средства искажана во Билансот на состојба на крајот на 2007 година во износ од 68,646 илјади денари не ја одразува состојбата утврдена со физичкиот попис. Општината има изготвено попис на целокупниот недвижен имот, со евидентни листови за секој стекнат, односно добиен објект одделно.
- не е извршено сметководствено евидентирање на вкупниот недвижен имот за кој Република Македонија го има пренесено правото на сопственост на Општина Битола и на поранешните општини кои се припоени кон општина Битола, врз основа на спроведен делбен биланс во 2000 година. Сметководствено се евидентирани објектите на месните заедници во градот, а само делумно во селските населби
- за дел од објектите за кои е пренесено правото на сопственост на Општината се обезбедени имотни листи, меѓутоа, не е извршена проценка на нивната вредност - во селските населби (во решението за пренос на правото на сопственост, објектите се без вредност);
- за дел од доделените недвижности службите немаат обезбедено поседовни/имотни листи од Државниот завод за геодетски работи, Одделение за премер и катастар Битола, така што не е потврдена нивната сопственост, главно за селските населби, а во документацијата доставена до ревизорите нема имотни листови и за дел од објектите на месните заедници кои се сметководствено евидентирани.
- не се обезбедени имотни лист за дел од училиштата и градинките.

Нецелосното евидентирање на материјалните средства ја намалува можноста за користење на имотот (издавање под закуп) и остварување приходи по основ на оттуѓување на имотот што општината не го користи и придонесува за изготвување на нереален финансиски извештај.

**Препорака:**
Секторот за правни и општи работи да обезбеди поседовни или имотни листи за сите недвижности сопственост на Општината од Државниот завод за геодетски работи, согласно решението од Владата на Република Македонија за спроведениот делбен биланс.
Секторот за финансии и буџет да изврши сметководствено евидентирање на вредноста утврдена од страна на комисиите за проценка на вредноста на имотот за кој се обезбедени поседовни/имотни листи од Државниот завод за геодетски работи, а утврдената вредност од страна на комисијата за проценка на имотот кој општината го добила со решенијата од Владата за кој нема обезбедено имотни листи, да се евидентира вонбилансно.

11.4.2. Во сметководството на Општина Битола, во Билансот на состојбата, вложувањата во материјални средства (објекти од комунална инфраструктура) не се евидентирани како зголемување на вредноста на објектите или инвестиции во тек, што е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.
Во текот на 2007 година, извршени се плаќања по основ на вложувања за изградба и реконструкција во објекти во вкупен износ од 64,502 илјади денари, искажани како капитални расходи во Билансот на приходи и расходи.
На ревизијата, освен за изградба на дел од водоводот во село Острец и Лажец, како и објектот Реонско пазариште во Битола, не и беше презентирана документација како потврда за утврдување на степенот на завршеност на капитални објекти пропишана со Законот за градење: завршен извештај за извршениот надзор од надзорниот инженер, одобрение за употреба за градби, односно завршен извештај изработен од изведувачот за извршените работи за градби, за извршен технички прием и записник од Комисијата што врши технички прием, за извршени работи во текот на 2007 и претходните години, платени во текот на 2007 година.
Позицијата Инвестиции во тек е искажана во помал износ за 10,067 илјади денари, за надоместокот за извршена експропријација на земјиштето на кое е изградено пазариштето.

Неевидентирањето на вложувањата во капитални инвестиции значи нереално искажани состојби на средствата и изворите на средства во финансиските извештаи.

**Препорака:**
Да се пропише сметководствена политика за евидентирање на капиталните вложувања на соодветните позиции за материјалните и нематеријалните средства и државниот-јавен капитал.
11.4.3. На ставката Обврски кон добавувачите е евидентирана обврска во износ од 800 илјади денари за извршени набавки на инвестициони материјали за изградба на водоводна мрежа во с. Острец за кои ревизијата го утврди следново:

- нема потврда за извршениот прием на материјалите. Доставената фактура не е поткрепена со приемница потпишана од страна на надзорен орган, и
- за набавените и потрошените количини на инвестициони материјали не се води материјална евиденција и не е извршен попис на крајот на годината.

Евидентирањето на обврски за кои доставената документација е нецелосна и непотврдена од страна на овластени лица и немањето материјална евиденција за извршените набавки не е во согласност со Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, при што создава можности за зголемени расходи, погрешно проценување на билансните позиции, а со тоа и изготвување на нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**
Изградбата и одржувањето на инфраструктурните објекти за кои е задолжена општината да се довери на субјекти избрани со постапки за набавка утврдени со закон, а општината во рамките на своите овластувања да врши надзор во функција на квалитетно и времено извршување на истите.

11.4.4. Врз основа на меѓународните стандарди за ревизија 500-ревизорски докази и 505-Екстерни конфирмации, од страна на ревизијата беа испратени конфирмации до комитентите заради обезбедување на достатни соодветни ревизорски докази за состојбата на обврските. За неизмирени обврски во вкупен износ од 41,664 илјади денари беа испратени 22 конфирмации кон добавувачите, кои опфаќаат 96% од обврските. Од испратените конфирмации, до денот на ревизијата се добиени одговори од 12 комитенти, од кои седум конфирмации во износ од 6,127 илјади денари ја потврдија сметководствената состојба, додека пет конфирмации во износ од 17,808 илјади денари не ја потврди состојбата. За десет конфирмации во вкупен износ од 15,985 илјади денари (40% од обврските за кои се испратени конфирмации) не се добиени одговори.
Врз основа на изнесеното ревизијата не обезбеди доказ дека обврските кон добавувачите во Билансот на состојба се реално и објективно искажани.

**Препорака**:
Секторот за финансиски работи во Општина Битола редовно да врши усогласување на обврските со комитентите.

**11.5. Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки**

11.5.1. При увидот во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки за 2007 година за општина Битола, ревизијата утврди неспроведување на одредбите од Законот за јавни набавки и подзаконските акти од областа на јавните набавки:

- Комисијата за јавни набавки, во сите спроведени постапки за јавни набавки не подготвува Изјави за непостоење на конфликт на интереси, што е спротивно на член 21 од Законот за јавни набавки;
- Тендерската документација за постапките за јавна набавка: Отворен повик и Ограничен повик, што ја подготвува Комисијата за јавни набавки, не ги содржи задолжителните елементи кои во зависност од предметот на набавката се неопходни за изготвување на понудата како: образец на изјава со која понудувачите ги прифаќаат условите од повикот, модел на договор, образец за начинот на пополнување на фактурата, што е спротивно на член 36 од Законот за јавни набавки;
- Во Одлуката за јавна набавка, во дел од постапките Комисијата за јавни набавки го нема наведено износот на средства потребни за реализација на набавката, што е спротивно на член 12 од Законот за јавни набавки.
- Во постапката за јавна набавка Отворен повик бр.6/2007 година, за набавка на геодетски услуги на територијата на општина Битола, според Одлуката за избор на најповолен понудувач, Комисијата за јавни набавки избрала двајца најповолни понудувачи, а набавката не била делива согласно Отворениот повик бр.6/2007. Со двајцата понудувачи се склучени рамковни договори што е спротивно на член 54 и 89 од Законот за јавни набавки.
- Во постапката за јавна набавка за Отворените повици за 2007 година: бр.2 за набавка на: канцелариски материјал, бр.3 за набавка на електроматеријали за улично осветлување, бр.10 за набавка на прехрамбени продукти, пијалоци и средства за хигиена и бр.13 за набавка и транспорт на ладна асфалтна маса за крпење на дупки во зимскиот период и во втората фаза од постапката Ограничен

повик бр.1 за 2007 по позициите: 1.16 изработка на промотивен материјал за презентација на општината на ДВД и 1.9 материјали и друга опрема за АОП, Комисијата за јавни набавки нема изготвено Извештај за евалуација, има само ранг-листа на понудите во зависност од бројот на освоените бодови, што е спротивно на член 53 од Законот за јавни набавки.

- За втората фаза од постапката за јавна набавка Ограничен повик бр.05/2006 година за позициите: 1.9 за изградба и реконструкција на јавни површини со префабрикувани бетонски елементи и 1.19 за изградба и реконструкција на улици, локални патишта и други јавни површини и постапката Ограничен повик бр.1 за 2007 по позицијата: 1.11 за печатење, копирање и издавање, Комисијата за јавни набавки воопшто не извршила рангирање и не подготвила Извештај за евалуација, што е спротивно на член 47 и 53 од Законот за јавни набавки.
- Во втората фаза од постапката за јавна набавка Ограничен повик бр. 5/2006 година за набавка и поставување на светлосна сообраќајна сигнализација на улична и патна инфраструктура, Комисијата за јавни набавки, не изготвила Записник од јавното отварање, не извршила рангирање, не подготвила Извештај за евалуација и не доставила Известување за избор на најповолен понудувач, спротивно на член 46, 47, 53, 54 и 55 од Законот за јавни набавки. Градоначалникот нема донесено Одлука за избор за најповолен понудувач, што значи дека набавката не е докрај спроведена. Во мај 2007 година, врз основа на овој повик, се склучени договори со две фирми за резервни делови и одржување на семафоризирани раскрсници, што воопшто не е предмет на јавната набавка по ограничениот повик, позиција 1.25.
- За работите од обласга на уредување на градежното земјиште и одржување на комунални објекти и инсталации, локална патна мрежа и улици, Општина Битола има спроведено постапка на јавна набавка преку ограничен повик во чии рамки се утврдени повеќе позиции (25 позиции за ограничениот повик започнат во ноември 2006, спроведен во првата половина од 2007 година). Позициите во ограничениот повик се однесуваат на одреден вид на групи на работа, а не на одредени објекти.

  Согласно законската регулатива, по извршениот избор на економско-финансиски и технички најспособни кандидати, во втората фаза од постапката се упатува покана за доставување на понуди, со утврдена спецификација (листа на можни работи за која што понудувачите треба да понудат цена), се врши евалуација и се изготвува ранг листа врз основа на критериумите утврдени во писмената покана. При тоа, ревизијата утврди дека не е извршен избор на најповолен кандидат врз основа на утврдените критериумите, туку е изготвен ценовник со избор на најниските цени од понудените за секоја позиција поодделно. Ценовникот е доставен до понудувачите со барање за негово прифаќање како услов да се пристапи кон склучување на договор.

  Договорите со сите носители на набавката се рамковни, за една година, врз основа на изготвен и понуден ценовник, што не е во согласност со одредбата од Законот за јавни набавки согласно кој се забрануваат преговори меѓу набавувачот и понудувачот, во врска со цените и изменување на доставената понуда.

  Во спроведената постапка на ограничен повик во текот на 2007 година, од вкупно 24 позиции, за осум позиции се избрани повеќе носители на набавката. Изборот на повеќе носители на набавката ја штити Општината од спроведување жалбени постапки бидејќи со сите нив се склучени договори, меѓутоа, од друга страна на Општината и дава простор работите да ги доделува на понудувачите без претходно утврдени критериуми, што во суштина се сведува на неспроведување на јавни набавки.

  Работите се доверуваат на избраните изведувачите со налог издаден од општината за изведување на градежни работи. При тоа, за секој објект поодделно се склучени договори со кој се регулирани заемните односи околу вредноста на извршените работи, рокот на нивно извршување, гаранции, надзор, доставување

на потребната градежна документација од изведувачот како поткрепа за изведените работи и сл. Меѓутоа, од увидот во градежната документација ревизијата констатира дека често изведувачите по налог на општината започнале со изведување на градежните работи, а договорите се склучуваат непосредно пред да се достават времените ситуации (Прилог 3).

- Во втората фаза од постапката Ограничен повик бр.5/2006, за изработка на промотивен материјал за презентација на општината на ДВД, предмет на евалуација согласно Записникот од јавното отварање бил и избраниот најповолен понудувач, кој имал негативно мислење за Бонитет издадено од Централен регистар, што е спротивно на член 40 и 47 од Законот за јавни набавки, а со него е склучен и Договор за најповолен понудувач, што е спротивно на член 89 од Законот за јавни набавки.

11.5.2. Не се спроведени постапки за јавни набавки во вредност од 2,279 илјади денари. (Прилог 1)

11.5.3. Документацијата во врска со спроведените јавни набавки во Општина Битола во 2006 и 2007 година е несредена, нецелосна, а дел од понудите за набавките од мала вредност не се архивски заведени. (Прилог 2 јавни набавки на износ од 2,069 илјади денари за кои е презентирана некомплетна докумантација)

Неспроведувањето на постапките за јавни набавки согласно законската регулатива создава можност за примена на необјективни критериуми за избор на најповолен понудувач, нетранспарентност при склучување на договорите и фаворизирање на понудувачи кои не се најповолни.
Во текот на 2008 година, Општината има воведено софтверско решение за спроведување за јавните набавки, во кое се вградени законските решенија во однос на изготвување на целокупната документација, вршење на евалуација и изготвување на ранг листа за избор на најповолен понудувач.

**Препорака:**
Да се обезбеди целосна примена на Законот за јавни набавки и подзаконските акти во сите негови аспекти во зависност од видот и вредноста на набавката.
Поради големата вредност и разновидност на набавките на стоки и услуги, Градоначалникот на Општината да направи согледување и да ја оцени економската оправданост за формирање на служба за јавни набавки.
Документацијата за спроведените јавни набавки да е целосна и средена, со архивски број на секој од документите пропишани со закон.
11.5.4. Исплатени се аванси кои го надминуваат законски дозволениот максимум од 20%, без да се обезбеди банкарска гаранција од изведувачот во висина на договорениот износ

- за изведување на топловод, исплатен е аванс во износ од 4,000 илјади денари, што претставува 50% од вредноста на договорените работи.
- за изведување на градежни работи на ул. Индустриска, исплатен е аванс во износ од 3,417 илјади денари, што претставува 38% од вредноста на договорените работи.

Ваквиот начин на работење не е во согласност со Законот за јавни набавки, а исплатата на аванси за материјални средства создава услови за незаконско користење на средствата и времено финансирање на изведувачот.

**Препорака:**
За исплатениот аванс за кој не се започнати работите Градоначалникот да преземе активности и истиот да биде вратен на сметката на општината.

12. Вкупниот ефект од прифатените и спроведени корекции од страна на субјектот во

текот на ревизијата е зголемување на материјалните средства и државниот капитал во Билансот на состојбата за 269 илјади денари.

13. Според наше мислење, освен за изнесеното во точката 11.4., финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на сметката на Органот на Општина Битола под 31 декември 2007 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

14. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.2.2., 11.2.3., 11.3 и 11.5, кај сметката на Органот на Општина Битола не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година.

15**.** Врз основа на презентираните податоци од Одделение за правно нормативни работи на Општина Битола, ревизијата утврди дека во тек се повеќе судски спорови, во најголем дел по основ на неплатени обврски заостанати од минатите години. Нивното ефектуирање на штета на Општина Битола може да предизвика негативни ефекти врз финансиското работење и одлив на средства од Буџетот на Општината во наредните години.

**Скопје, 14/11/2008 година** **Овластен државен ревизор**

## ОРГАН НА ОПШТИНА БИТОЛА

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло жение | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 214,650 | 195,056 |
| **Вкупно приходи** | | **214,650** | **195,056** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 35,065 | 29,563 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 65 | 150 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 87,070 | 84,992 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 10,296 | 8,471 |
| Социјални бенефиции | 3.2.5. | 507 | 538 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **133,003** | **123,714** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 81,647 | 71,342 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **81,647** | **71,342** |
| **Вкупно расходи** | | **214,650** | **195,056** |

Образложенијата на страните од 14 до 23 се составен дел на финансиските извештаи

## ОРГАН НА ОПШТИНА БИТОЛА

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања | 4.1.1 | 403 | 403 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.2 | 2,300 | 2,487 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 4.1.3 | 306 | 3 |
| Побарувања од вработените | 4.1.4 | 169 | 1 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.5 | 44,242 | 45,213 |
| Аванси за капитални средства | 4.1.6 | 5,097 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **52,517** | **48,107** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1 | 68,646 | 69,058 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.2 | 13,712 | 1,157 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 4.2.3 | 1,824,956 | 1,824,751 |
| **Вкупно постојани средства** | | **1,907,314** | **1,894,966** |
| **Вкупна актива** | | **1,959,831** | **1,943,073** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1 | 41,664 | 43,061 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2 | 295 | 77 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.3 | 50 | 11 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.4 | 2,402 | 4,547 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.5 | 7,800 | 411 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **52,211** | **48,107** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1 | 1,907,314 | 1,894,966 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **1,907,314** | **1,894,966** |
| **Извори на други средства** | 4.4.2 | 306 | 0 |
| **Вкупна пасива** | | **1,959,831** | **1,943,073** |

Образложенијата на страните од 14 до 23 се составен дел на финансиските извештаи

**ОРГАН НА ОПШТИНА БИТОЛА**

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2007 ГОДИНА

| О П И С | Државен јавен капитал |
|---|---|
| **Состојба 01.01.2007 година** | 1,894,966 |
| **Зголемување по основ на:** | **14,379** |
| Набавки во текот на годината | 1,619 |
| Основачки влог во фондации | 205 |
| Инвестиции во тек | 12,555 |
| **Намалување по основ на:** | **2,031** |
| Отпис на капитални средства | - |
| Амортизација | 2,031 |
| **Состојба 31.12.2007 година** | **1,907,314** |

Образложенијата на страните од 14 до 23 се составен дел на финансиските извештаи

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр.1206-109/1**
**Скопје,28.01. 2009 година**

Врз основа на член 23 став 6, 7 и 8 од Законот за државна ревизија („Службен весник на РМ„, бр 65/97………..133/07) , и добиен Приговор по Конечен извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи, за 2007 година кај општина Битола, број 08-3860/1 од 28.12.2008 година, Главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија го донесува следното :

# *Р Е Ш Е Н И Е*

### *по поднесен приговор на Конечен извештај*

1. Приговорот на наодите во точка 11.2.2., 11.2.3. , 11.5. и 14 од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи, за 2007 година кај Општина Битола – Сметка на Органот **не се прифаќа**.

2. Решението по доставениот Приговор на Конечниот извештај всушност претставува прилог на Конечниот извештај и интегрално се интерпретира во годишниот извештај.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

# *О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е*

Против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи, за 2007 година на Органот на Општина Битола, поднесен е приговор број 08-3860/1 од 28.12.2008 година од одговорното лице на субјектот за периодот кој е предмет на ревизија, од г-дин Владимир Талески.

Образложението за неприфаќање на Приговорот е следното:

1. Приговорот на наодот во точка 11.2.2. од Конечниот извештај, а кој се однесува на исплати на социјално загрозени лица во вкупен износ од 1.306 илјади денари, спротивно на Законот за локална самоуправа и Законот за социјална заштита, **не се прифаќа,** од причина што не се доставени нови релевантни докази во приговорот а исплатите се извршени без Програма и без утврдени критериуми. Општина Битола во фазата на забелешки по Претходен извештај го прифатила наодот не давајќи никакви забелешки по истиот и постапила по препораката на ревизијата донесувајќи Одлука за определување на критериуми за одредување на финансиска помош од Буџетот на општина Битола за 2008 година.

2. Приговорот на наодот во точка 11.2.3. од Конечниот извештај, а кој се однесува на исплати на здруженија на граѓани, спортски клубови, невладини организации и други установи во вкупен износ од 2.049 илјади денари, спротивно на Законот за друштва и здруженија **не се прифаќа** од причина што образложението дадено во Приговорот е не издржано, ниту пак се доставени нови докази, а исплатите се извршени без утврдени критериуми и спротивно на Законот за друштва и здруженија. Општина Битола во фаза на забелешки по Претходен извештај го прифатила наодот на ревизијата и постапила по препораката, Советот донел Одлука за определување на критериуми за одредување на финансиска помош од Буџетот на општина Битола за 2008 година.

3. Приговорот на наодот во точка 11.5. од Конечниот извештај, а кој се однесува на извршените набавки без да бидат спроведени постапки за јавни набавки како и постпките кои се спроведени спротивно на Законот за јавни набавки, **не се прифаќа** од причина што образложението дадедено во Приговорот е не издржано, ниту пак се доставени нови докази за промена на ревизорското мислење. Приговорот се однесува на неспроведените постапки, а наодот воглавном се однесува на спроведените постапки за јавни набавки и на исплатените аванси спротивно на Законот за јавни набавки. Во фаза на Забелешки по Предходен извештај општина Битола имаше одредени забелешки на наодите од Законот за јавни набавки и за документите кои беа дополнително доставени а кои не беа презентирани за време на ревизијата истите беа прифатени.

4. Коментарот на точка 14 , не е издржан од причина што точка 14 е ревизорското мислење кое ревизорот го гради на основа разумното ревизорско уверување од извршената ревизија.

**Главен државен ревизор,**

**Тања Таневска**